Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица: 14**<br>**Датум:** | | | **Тема: Работа со податоци и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Работа со податоци - читање податоци** | | **Одделение: III** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 5 мин.<br><br><br><br><br>30 мин.<br><br><br><br><br>5 мин. | Читање податоци од табела | Сите ученици треба да знаат да читаат столбест дијаграм и податоци од табела<br><br>Повеќето од учениците треба да знаат сликовито да прикажат столбест дијаграм и табела<br><br>Некои ученици треба да знаат да читаат податоци од столбест дијаграм, табела и сликовито да прикажат столбест дијаграм и табела | Наставникот ја најавува целта на часот.<br>Ги прашува учениците зошто имаме потреба од работа со податоци? Што се претставува во работа со податоци? Дали знаат што е читање податоци од столбест дијаграм и табела и за што ни служат тие податоци?<br>Потоа истакнува дека работата со податоци се претставува на дијаграми и табели.<br><br>Учениците се обидуваат да го прочитаат столбестиот дијаграм и табелата од наставиот лист.<br>Потоа наставникот запишува на табла, а учениците во тетратките столбест дијаграм со омилени театарски претстави.<br>Секој ученик треба да ја каже својата омилена претстава. Повеќето ученици ќе се обидат самостојно да го исцртаат дијаграмот. Некои ученици самостојно ќе исцртаат и пополнат табела и столбест дијаграм.<br><br>Извлекување заклучоци. | Наставник<br><br><br><br><br><br><br>Заедничка<br><br><br><br>Индивидуална | Тетратка,<br>Молив,<br>Линијар<br>боици | Набљудување,<br>Дискусија,<br>Прашања,<br>Одговори |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведен дел: Наставник.<br>Главен дел: Заедничка работа.<br>Завршен дел: Индивидуална работа. | | | Домашна работа: Да го претстават омиленото овошје на своето семејство. | | Брои, резултати, групирање, гласање, графика, пиктограм, претставуваат, група, во собата, листа, шема, столб, маса, етикета, наслов, оска, дијаграм. | |

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица: 14**<br>**Датум:** | | | **Тема: Работа со податоци и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Венов дијаграм** | | **Одделение: III** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 5 мин.<br><br><br><br>30 мин.<br><br><br><br><br>5 мин. | Користи Венов дијаграм за да групира податоци и објекти според два критериума<br><br>Користи листи и табели за систематско решавање на проблеми | Анализира и решава ситуациски проблеми и задачи со читање на податоци од столбест дијаграм | Наставникот на паметна табла црта 2Д форми со прави и криви линии, само со прави линии и само со криви линии. Црта Венов дијаграм и објаснува како се класифицираат 2Д формите во Веновиот дијаграм.<br><br>Дава задача да ги отворат учебниците на стр. 50.<br>Го разгледуваме Веновиот дијаграм и го анализираме.<br>Учениците самостојно ја решаваат задачата од учебникот.<br>Следува самостојно претставување на Венов дијаграм на паметна табла од страна на учениците.<br><br>Вршиме проверка на сработеното. | Заедничка<br><br><br>Индивидуална работа<br><br><br><br><br><br>Заедничка | Тетратка, табла, креда, учебник | Решени задачи<br>Прашања<br>Одговори |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | Решавање на задачите во работна. | | Венов дијаграм. | |

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица: 14**<br>**Датум:** | | | **Тема: Работа со податоци и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Керолов дијаграм** | | **Одделение: III** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од час)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 5 мин.<br><br><br>30 мин.<br><br><br><br>5 мин. | Користи Керолов дијаграм за да групира податоци и објекти според два критериума<br><br>Користи листи и табели за систематско решавање на проблеми | Користи Керолов дијаграм за да групира податоци и објекти според два критериума | Наставникот на табла црта табела (Керолов дијаграм).<br><br>Објаснувам дека секое поле означува две одлики. Давам задача да ги отворат учебниците на стр. 61.<br>Го разгледуваме Кероловиот дијаграм и го анализираме.<br><br>Учениците самостојно ја решаваат задачата 1 од учебникот.<br><br>Вршиме проверка на сработеното. | Заедничка<br><br><br><br>Индивидуална работа<br><br><br>Заедничка | Тетратка, табла, креда, учебник | Набљудување<br>Дикусија<br>Прашања<br>Одговори |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведен дел: Наставник.<br>Главен дел: Индивидуална работа.<br>Завршен дел: Дискусија на ниво на паралелка за различните стратегии при решавањето на задачите. | | | Домашна работа: Да се дорешат задачите во учебникот на стр. 61. | | Брои, резултати, групирање, гласање, графика, пиктограм, дијаграм, најпопуларните, најчестите, најмалку популарни, најмалку, обединувачки, заеднички. | |

obrazovanie.literatura.mk